

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 28 авг- 10 сеп 2025 Билтен бр. 605**

# ПРАЗНИЧНА ФОЛК ВЕЧЕР НА КАРПОШОВО ЛЕТО

**Во рамки на Карпошовото културно лето, вечерва дворот на црквата ,,Св.Тројца" во Бардовци беше центарот на случувањата. На големиот христијански празник Голема Богородица, карпошовата летна сцена ја освежија македонските народни хитови отпеани од познатите фолк ѕвезди. Многубројната публика, во едно грло и со громогласен аплауз, ги поздравија музичките легенди кои настапија: Наум Петревски, Ефто Пупиновски, Благоја Груевски, Зуица Лазова, Ленче Кукиќ, Смиља Митревска, Драган Мијалковски, Горан Алачки, а кои беа придружувани од Народниот оркестар на Радио Бубамара, под водство на Дамир Имери.**

**Како за затворање на Карпошовото културно лето, утревечер на летната сцена кај карпа на кејот на реката Вардар, со почеток од 20 часот, е резервирана за љубителите на поетската вечер изразена преку стихови ,,Волкот на љубовта", на Тихомир Јанчовски и Бранислав Николов (Фолтин).**




# ПОЕТСКО-МУЗИЧКИ СПЕКТАКЛ ЗА ЗАТВОРАЊЕТО НА КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025

**Во мирна и романтична атмосфера, вечерва официјално се одбележа затворањето на традиционалната манифестација ,,Карпошово Културно Лето 2025". Поетско-музичкиот перформанс ,,Волкот на љубовта" на Бранислав Николов и Тихомир Јанчовски, ја разнежнија публиката со звуците на најубавите љубовни песни од македонската современа сцена. Настанот ја одбележа интерпретацијата на македонската поезија од поетот Тихомир Јанчовски, кој преку зборовите на големите поети Блаже Конески, Ацо Шопов, Петре М. Андреевски, ја воведе публиката во светот на љубовта и страста. Бранислав Николов, познат како "Пијан славеј", кој е македонски музичар (член на групата ,,Фолтин") , но и писател, со своите песни, ги оживеа емоциите од златните времиња на македонската музичка сцена.**

# ЗАПОЧНА УЧЕБНАТА ГОДИНА ЗА 617 ПРВАЧИЊА ВО КАРПОШ

**По тримесечниот летен распуст, училиштата во општина Карпош ги отворија вратите за учениците и првачињата. Секое училиште, со пригодна приредба ги дочекаа своите нови другарчиња, кои од оваа година ќе се запознаат со новите предизвици. Во таа насока, ООУ ,,Димо Хаџи Димов", во Влае, освен првачињата, со прво септемвриска забава ги дочекаа и градоначалникот Стевчо Јакимовски и вработените во општинската администрација. Некои од нив среќни и насмеани, некој од нив збунети и зачудени, но едно е сигурно, дека секое дете во Карпош ќе има безгрижно и безбедно поминато време во училиштата.**
**Првиот татко на Општината, Јакимовски ги поздрави новите другарчиња и на сите деца им посака успешен почеток во новата учебна година.**

**– Ова е училиштето во кое јас на денешен ден пред 58 години го започнав моето основно образование. Наставничките освен образованието ни даваа и воспитување и ние сме им бескрајно благодарни. Она што е за нас значајно е дека им посветивме големо внимание на училиштата , ова училиште е реконструирано 2012-та година, сега го реконструиравме повторно. Би сакал да истакнам дека сите десет училишта во општина Карпош изминатиот период по втор пат ги реконструиравме. Обезбедивме стручен тим за секое училиште (педагог, психолог и дефектолог), а некаде имаме и социјален работник. Секаде обезбедивме по една компјутерска училница, смарт панели имаме од петто до осмо одделение, фотоволтаични системи поставивме да штедиме енергија, уште две спортски игралишта ни преостанаа за реконструкција на вештачка трева. Ги снабдивме сите училишта со ПП апарати, во ова училиште ќе градиме спортска сала, во тек е тендерот за истата, исто така градиме нова спортска сала во ООУ ,,Братство". Заедно со овие две инвестиции од 2010 година па наваму ќе надмине 11 милиони евра. Овие се значајни проекти за кои одвојува средства Општината но и дел Владата, за да имаме подобри услови за работа и образование. Даваме 50% субвенции за ужинките, а 100% субвенции на деца бранители и социјални случаеви, даваме стипендии за талентирани ученици и спортисти, го наградуваме најдобриот училишен двор. Имаме Креативен центар Карпош, каде што учениците наставата ја изведуваат практично. Оваа година, запишани се околу 617 ученици и секако реонизацијата даде огромен резултат, па Министерката за образование Весна Јаневска ја преточи во Закон за реонизација оваа одлука која ние во Карпош со години ја практикуваме – рече Јакимовски.**



# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ЗА ИСТРАЖУВАЧКА НАСТАВА ВО КАРПОШ

**Денеска во кабинетот на градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, се потпиша Меморандум за соработка помеѓу Креативниот центар Карпош и Универзитетот Бар-Илан од Израел за реализација на меѓународна работилница под наслов: „ Promoting 21st Century Skills through Inquiry-Based Teaching on Sustainability and Food Security in Internatiinal Learning Environments (ILE)“. Оваа програма е наменета за околу 15 наставници по природни науки од основните училишта во Карпош. Целта е наставниците да развијат современи методи за истражувачко предавање и да ги пренесат овие пристапи во училниците користејќи едноставни и достапни материјали.**

**Работилниците ќе ги водат професори и истражувачи од Универзитетот Бар-Илан, преку комбинација од онлајн и присутни сесии. Наставниците ќе работат на практични екперименти поврзани со одржливост и безбедност, а преку Рефлексивен дневник на учење ќе ја следат својата професионална надградба.**

**Општина Карпош ќе обезбеди административна и логистичка поддршка, додека Креативен Центар Карпош ќе биде главен координатор на активностите во Македонија. Исто така, Универзитетот Бар-Илан ќе обезбеди академско водство и ќе издаде сертификати за учесниците.**

**Со оваа соработка, партнерите се обврзуваат да развиваат идни програми, размена на наставници и ученици, како и заедничко аплицирање за меѓународни фондови.**

**Овој проект претставува значаен чекор,во унапредувањето на наставата по**



# КАРПОШАНИ ЌЕ ОДЛОЖУВААAТ ТЕКСТИЛ ВО СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ЕКО-КОНТЕЈНЕРИ

**Друштвото за управување со отпад од текстил ЕКО-ТЕКС ГРУП ДОО Скопје, денеска во основното училиште „Владо Тасевски“, во присуство на градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски го промовираше еколошкиот контејнер за собирање, селектирање, рециклирање преработка и отстранување на отпаден текстил на територијата на Општината. Имено, ова овластено друштво за собирање и рециклирање на текстилен отпад, ќе постави ваков тип на контејнери во сите десет основни и сите четири градинки на територијата на локалната самоуправа. Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски истакна дека на овој начин, сите граѓани, ќе можат да ги одложуваат своите стари и непотребни алишта во овие наменски и специјализирани еколошки контејнери, наместо да ги оставаат во класичните контејнери кои се наменети за селекција на ѓубрето кое се создава во домовите на граѓаните.**

**-Упатувам апел до сите Карпошани, непотребната облека, и сите текстилни материјали, кои им зафаќаат простор во домовите, а сакаат да се ослободат од нив, да ги одложуваат во овие специфични и наменски контејнери, за потоа истите преку рециклирање да имаат упоребна вредност. Од друга страна, неодамна во една акција за чистење на т.н дива депонија во населеното место Злокуќани, бевме сведоци, дека огромен дел од насобраниот шут и смет, беше токму текстилна облека од несовесни граѓани кои ја фрлиле на јавна површина. Затоа сега, кога веќе преку соработка со ова Друштво, обезбедуваме специјализирани еколошки контејнери, граѓаните имаат можност токму во нив да ги одложуваат старите и износени парчиња облека или друг вид на текстилен материјал, нагласи Јакимовски.**

**Општина Карпош и во иднина ќе работи на изнаоѓање на креативни решенија со кои ќе се унапреди соработката помеѓу локалната самоуправа и граѓаните, во подигнување на свеста за селекција и рециклирање на разни видови на отпад, се со цел хигиената и чистотата на територијата на Општината да биде издигната на завидно ниво.**



# МАЛИТЕ КАРПОШАНИ НАСКОРО ЌЕ СЕ ВСЕЛАТ ВО НОВА ГРАДИНКА

**Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски и официјално,, и ги предаде клучевите" на директорката на градинката,, Мајски Цвет", од монтажната времена барака на локалната самоуправа, во која привремено околу шеесет денови ќе бидат сместени дечињата од оваа детска градинка, додека се прави новиот објект во населбата Тафталиџе 1. -Директорката и вработените во оваа градинка ќе управуваат со овој објект, кој го адаптиравме за прием на дечињата и нивен дневен престој, додека им ја изградиме за околу два месеци новаата градинка по сите еколошки стандарди. Потоа, ќе следува изградба на нов објект на градинката,, Пролет ", попознатата како,, Пролет – Канела", и исто така, децата ќе бидат привремено сместени во овие општински објекти додека се гради и нивната нова градинка, нагласи првиот човек на Општината Стевчо Јакимовски.**

**Општинскиот татко, исто така потенцираше дека по завршување на привремениот прием на децата од градинките кои целосно ќе се градат по нови стандарди, Советот на Општина Карпош е тој што ќе одлучи за што во иднина ќе бидат ползвани овие два објекти, но според неговата визија, Јакимовски истакна дека општинската барака 1 би можела да биде дополнителен објект на градинката,, Орце Николов", која се наоѓа веднаш во непосредна близина на објектот, додека општинската барака 2,би требало да биде дел отстапен за користење на архивата на Општина Карпош, додека другиот дел да се оспособи за простории за културно – уметничкото друштво ,,Цветан Димов", кое оваа година, прославува 51-годишнина од своето постоење.**



# КАРПОШАНИ И ОПШТИНАРИТЕ ДОБИЈА НОВА АДМИНИСТРАТИВНА ЗГРАДА

**На свечен начин вечерва беше пуштен во употреба новиот објект во кој ќе биде сместена целата администрација на Општина Карпош. Ова грандиозно здание кое зафаќа вкупна површина од 4.500 м2 претставува еден од најсовремените административни објекти во нашата држава, за чија финална изградба беше потребно нешто повеќе од една деценија. Вратите на „новиот дом за карпошани" како што вели градоначалникот Стевчо Јакимовски, ќе бидат секогаш ширум отворени за своите сограѓани, кои ќе можат на едно место да ги решаваат своите проблеми и да ги остваруваат личните права и секојдневните потреби.**

**„Сѐ започна со еден камен –темелник. Можеби тогаш изгледаше како празно парче земја, но за нас тоа беше визија – сон за една нова општинска зграда, достојна за граѓаните на Карпош. Трпеливо но сигурно, месец по месец, цигла по цигла, од темелите израснаа ѕидови. Со мака, со работа и со посветеност, чекор по чекор го изградивме овој објект. Не беше лесно, но секогаш кога имаш јасна цел, секоја пречка се надминува" – објасни Јакимовски.**

**Во рамки на свеченоста тој посочи дека оваа зграда претставува симбол на заедништвото и јасен показател, дека кога ќе се здружат волјата и трудот не постојат невозможни работи.**

**„Овој објект не е само бетон и арматура. Верувам дека тука ќе се носат важни одлуки преку кои ќе се креира иднината на Карпош. Нашата локална самоуправа е лидер во многу работи а со овој чин покажавме дека знаеме да изградиме објект по европски стандарди, со визија и со срце. Ова е уште еден доказ дека нашиот Карпош секогаш оди напред" – истакна Јакимовски.**

